Институт за јавно здравје
на Република С. Македонија

# АНАЛИЗА НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА

2017
2018

Институт за јавно здравје на
Република С. Македонија

# АНАЛИЗА НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА ВО 2017 и 2018

Скопје, 2019

В.Д. ДИРЕКТОР Доц. д-р Шабан МЕМЕТИ

Сектор за промоција, анализа и следење на незаразни болести

*Проф. д-р Елена Ќосевска* — Раководител на Секторот
Специјалист по социјална медицина

Изготвувачи:

*Прим. д-р Весна Стамболиева* — Началник на одделение
Специјалист по социјална медицина

Техничка подготовка:

*Сузана Дунѓевска*
*Борче Андоновски*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616-052:614.21(497.7)"2017/18"(047)

АНАЛИЗА на болничкиот морбидитет во Република Македонија : 2017 и 2018 / [изготвувач Весна Стамболиева]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2019. - 88 стр. : граф. прикази ; 30 см

Содржи и: Прилог

ISBN 978-608-235-062-2

а) Болнички морбидитет - Македонија - 2017-2018 - Истражувања
COBISS.MK-ID 111691530

# Содржина


## ВОВЕД 7

Општи карактеристики на болничката дејност ... 7
Методологија на изработка ... 8

## ОПШТ ДЕЛ 9

ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 И 2018 ГОДИНА ... 11

1. Болнички морбидитет во Р.С. Македонија во 2017 и 2018 година ... 11
2. Состојби и трендови во 2018 во однос на регистрираниот болнички морбидитет во 2017 година ... 11
3. Лекувани болни, остварени болнички денови и просечен престој ... 19
   според вид на јавни и приватни болнички установи ... 19
4. Лекувани болни и болнички морбидитет на 10000 жители во центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат ... 20

## СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ 21

ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 и 2018 ГОДИНА ... 23

*I. група :* *ИНФЕКТИВНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ* ... 23
*II. група :* *НЕОПЛАЗМИ* ... 24
*III. група :* *БОЛЕСТИ НА КРВТА И КРВОТВОРНИТЕ ОРГАНИ И ОДРЕДЕНИ БОЛЕСТИ ШТО ГО ЗАФАЌААТ ИМУНИОТ СИСТЕМ* ... 25
*IV. група :* *ЕНДОКРИНИ, НУТРИТИВНИ И МЕТАБОЛИЧНИ БОЛЕСТИ* ... 26
*V. група :* *ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА И РАСТРОЈСТВА ВО ОБНОСКИТЕ* ... 27
*VI. група :* *БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ* ... 28
*VII. група :* *БОЛЕСТИ НА ОКОТО И НА АДНЕКСИТЕ* ... 29
*VIII. група :* *БОЛЕСТИ НА УВОТО И НА МАСТОИДНИОТ ИЗРАСТОК* ... 30
*IX. група :* *БОЛЕСТИ НА ЦИРКУЛАТОРЕН СИСТЕМ* ... 31
*X. група :* *БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ* ... 32
*XI. група :* *БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ* ... 33
*XII. група :* *БОЛЕСТИ НА КОЖАТА И ПОТКОЖНОТО ТКИВО* ... 34
*XIII. група :* *БОЛЕСТИ НА МУСКУЛНОСКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И НА СВРЗНОТО ТКИВО* ... 35
*XIV група :* *БОЛЕСТИ НА ГЕНИТОУРИНАРНИОТ СИСТЕМ* ... 36
*XV. група :* *БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ* ... 37
*XVI. група:* *ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ ШТО НАСТАНУВААТ ВО ПЕРИНАТАЛНИОТ ПЕРИОД* ... 38
*XVII. група:* *КОНГЕНИТАЛНИ МАЛФОРМАЦИИ, ДЕФОРМАЦИИ И ХРОМОЗОМСКИ НЕНОРМАЛНОСТИ* ... 39
*XVIII.група:* *СИМПТОМИ, ЗНАЦИ И НЕНОРМАЛНИ КЛИНИЧКИ И ЛАБОРАТОРИСКИ НАОДИ, НЕКЛАСИФИЦИРАНИ НА ДРУГО МЕСТО* ... 40
*XIX. група :* *ПОВРЕДА, ТРУЕЊЕ И ДРУГИ ОДРЕДЕНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД НАДВОРЕШНИ ПРИЧИНИ* ... 41
*XXI. група :* *ФАКТОРИ ШТО ВЛИЈААТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА И КОНТАКТ СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ СЛУЖБИ* ... 42

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ... 43

ПРЕПОРАКИ ... 44

## ПРИЛОГ ТАБЕЛИ 45

# ВОВЕД

Анализата на болничкиот морбидитет во Република Македонија за 2017 и 2018 година е изготвена согласно Националната програма за јавно здравје на Република Северна Македонија за 2019 година и Планот и Програмата за работа на ЈЗУ Институт за јавно здравје - Скопје за 2019 година.

## Општи карактеристики на болничката дејност

Болничката дејност претставува важен дел на целокупниот здравствен систем преку кој се обезбедува стационарна здравствена заштита на населението. Со овој вид на здравствена заштита се опфаќаат болните кои не можат да се згрижат преку пружање на амбулантно-поликлиничка здравствена заштита.

Основната функција на болничко-стационарната дејност е да обезбедува дијагностицирање, лекување, рехабилитација, болничка нега и третман на болните, но и да обезбедува медицинско згрижување и нега на родилки и новороденчиња во стационарни услови.

Болничката дејност, покрај оваа основна функција, се карактеризира и со присуство и работа на високо-стручни кадри, со примена на најсовремена медицинска опрема со висока технологија. Стационарните установи, од терциерно ниво, се и едукативна база за стручно оспособување и усовршување на здравствените работници и соработници од сите профили, како и институции во кои се спроведува научно-истражувачка дејност.

Прикажани се показатели за развиеноста и функционалната активност на болничко-стационарната дејност, како посебно ниво на здравствена заштита. Морбидитетот е индикатор кој ги прикажува интензитетот, оптовареноста и честотата на појавата на болестите, односно хоспитално лекуваните на одредено подрачје.

Болничкиот морбидитет учествува во отсликувањето на патологијата на населението, овозможувајќи меѓудругото и предвидување на трендовите во наредниот период.

**Методологија на изработка**

Како основен изворен материјал користен е индивидуалниот извештај за стационарно лекувано лице од болничко-статистички материјал за 2017 и 2018 година, кој се прибира од сите болнички установи, се обработува во центрите за јавно здравје и се доставува во ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ - Скопје.
Како дополнителен материјал, користени се податоци од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија кои се однесуваат на демографските карактеристики на населението во Р. Северна Македонија.

Прикажани се следните состојби и параметри:

- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување и стапки на морбидитет на 10000 жители, по групи на болести, вкупно за Републиката, 2017 и 2018 г.;
- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување по здравствени организации, вкупно за Републиката, 2017 и 2018 г.;
- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување според центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат, 2017 и 2018 г.

# ОПШТ ДЕЛ

# ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 И 2018 ГОДИНА

## 1. Болнички морбидитет во Р.С. Македонија во 2017 и 2018 година

Во 2018 година во болничко-стационарните организации во Р. Северна Македонија вкупно се лекувани 269 469 болни или 1299 болни на 10 000 жители кои оствариле вкупно 2 050 819 болнички денови. Просечното траење на лекување по еден случај во денови изнесува 7.6 дена.
Табела 2 и 6

Во 2017 година во болничко-стационарните организации во Р. Северна Македонија вкупно се лекувани 262 099 болни или 1263.4 болни на 10 000 жители кои оствариле вкупно 2 529 790 болнички денови. Просечното траење на лекување по еден случај во денови изнесува 9.7 дена.
Табела 2 и 6

| Година | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| Број на лекувани болни | 262 099 | 269 469 |
| Мб/10 000 жители | 1263.4 | 1299.0 |
| Број на болнички денови | 2 529 790 | 2 050 819 |
| Просечно траење на лекување | 9.7 | 7.6 |

## 2. Состојби и трендови во 2018 во однос на регистрираниот болнички морбидитет во 2017 година

Во 2018 во однос на 2017 година се бележи:

2.1 **зголемување на бројот на лекуваните болни** во болничко- стационарните организации во 2018 во однос на 2017г за 2.8%
Табела 3, дијаграм 1

2.2 **зголемување на Мб/10 000 жители** во 2018 во однос на 2017г за 2.8%, од 1263.4 во 2017 на 1299.0 во 2018г
Табела 6, дијаграми 4 и 5

2.3 **намалување на бројот на остварените болнички денови** за 18.9% во 2018 во споредба со 2017г.
Табела 4, дијаграм 6

**2.4** **намалување на просечното траење на лекување** во 2018 г. на 7.6 од 9.7 дена во 2017 година
Табели 1 и 2, дијаграми 9,10 и 11

**2.4.1.Зголемување на бројот на лекуваните болни** во болничко-стационарната дејност во 2018 во однос на 2017 година за 2.8% и тоа кај следните групи на болести:

- неоплазми за 4,8%;
- болести на крвта и крвотворните органи за 4,1%;
- душевни растројства за 18,3%;
- болести на увото за 1,1%;
- болести на респираторниот систем за 28,6%;
- болести на дигестивен систем за 0,5% и
- болести на генитоуринарниот систем за 0,1%.

Кај следните групи на болести се забележува **намалување на бројот на лекуваните болни:**

- одредени инфективни и паразитски болести за 12.8%;
- ендокрини,нутритивни и метаболични болести за 4.6%;
- болести на нервниот систем за 4.5%;
- болести на окото и на аднексите за 2,9%;
- болести на циркулаторниот систем за 4,3%
- болести на кожата за 12.9%;
- болести на мускулноскелетен систем за 3,3;
- одредени состојби во перинатален период за11.0% и
- конгенитални малформации за 4,5%.
  - ➢ повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини за 0,5%.

Табела 3, дијаграми 2 и 3

**Дијаграм 1**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 2**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 3**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**2.5. зголемување на Мб/10 000 жители** во 2018 во однос на 2017г за 2,8%, од 1263.4 болни на 10000 жители во 2017 на 1299.0 во 2018 година и тоа кај следните групи на болести:

- неоплазмите од 139,9% на 146,7%оо;
- болести на крвта и крвотвор. органи од 20.9%оо на 21,8%оо;

- душевни растројства од 27.9%оо на 33,0%оо;
- болести на увото од 13,1%оо на 13,2%оо;
- болести на респираторниот систем од 195,4%оо на 251,3%оо;
- болести на дигестивниот систем од 118,4%оо на 119,0%оо и
- болести на генитоуринарен систем од123,5%оо на 124,3%оо.

Кај следните групи на болести се забележува **намалување на стапката на морбидитетот,** и тоа кај:

- одредени инфективни и паразитски болести од 25,1%оо на 21,9%оо;
- ендокрини болести од 26,1%оо на 24,9%оо;
- болести на нервниот систем од 23,4%оо на 22,4%оо;
- болести на окото и на аднексите од 33,5%оо на 32,6%оо;
- болести на кожата од 21,7%оо на 19,1%оо;
- болести на циркулаторниот с-ем од 183,4%оо на 175,6%оо;
- болести на мускулноскелетен систем од 52,1%оо на 50,3%оо;
- состојби во перинаталниот период од 348,8%оо на 310,4%оо
- конгенитални малформации од 9,2%оо на 8,7%оо и
- повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини од 62,9%оо на 62,6%оо.

Табела 6, дијаграм 4 и 5

**Дијаграм 4**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 5**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**2.5.1.Намалување на бројот на остварени болнички денови за 18.9% во 2018 во споредба со 2017г.** и тоа кај следните групи на болести:

- Одредени инфективни и паразитски болести за 28,9%;
- Неоплазмите за 4,9%;
- Ендокрини, нутритивни и метаболични болести за 11,8%;
- Душевни растројства и растројства во обносите за 47,5%;
- Болести на нервниот систем за 12,9%;
- Болести на окото и на аднексите за 17,0%;
- Болести на циркулаторен систем за 18,5%;
- Болести на респираторниот систем за 4,2%
- Болести на кожата и на поткожното ткиво за 16,5%;
- Болести на мускулноскелетниот систем за 10,5%;
- Болести на генитоуринарен систем за 4,8%;
- Конгенитални малформации за 52,2% и
- Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини за 9,0%.

Кај сите останати групи на болести се забележува **зголемување на бројот на остварените болнички денови** и тоа кај:

- Болести на крвта и крвотвор. органи за 0,8%;
- Болести на увото и на мастоидниот израсток за 6,6%;
- Болести на дигестивен систем за 2,1% и
- Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период за 2,9%.

Табела 4
Дијаграми 6, 7 и 8

**Дијаграм 6**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 7**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 8**




Извор: ИЈЗ на РСМ

1.1.1. **Намалување на просечното траење на лекување** во 2018 г. на 7.6 од 9.7 дена во 2017 година и тоа кај следните групи на болести:

- Одредени инфективни и паразитски болести за 2 дена;
- Неоплазмите  за 1,3 дена;
- Болести на крвта и крвотворните органи за 0,5 дена;
- Ендокрини,нутритивнии метаболички болести за 0,5 дена;
- Душевни растројстваирастројства вобноските за 63,8 дена;
- Болести на нервниот систем за 1,1 ден;
- Болести на окото и на аднексите за 0,2 дена;
- Болести на циркулаторен систем за 1,1 дена;
- Болести на респираторниот систем за 1,6 дена;
- Болести на кожата и на поткожното ткиво за 0,3 дена;
- Болести на мускулноскелетниот систем за 0,8 дена;
- Болести на генитоуринарен систем за 0,3 дена;
  Конгениталните малформации за 3,3 дена и кај
- Повреда, труење и други одредени последици за 0,6 дена.

Кај сите други останати групи на болести се забележува зголемување на просечното траење на лекување во 2018 во однос на 2017 година.

Дијаграми 9, 10 и 11

**Дијаграм 9**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 10**




Извор: ИЈЗ на РСМ

➢највисоко просечното траење на лекување во 2011 година, а најниско во 2016 и 2018 година

**Дијаграм 11**




| | Душевни растројства | Болести на крвта и крвотворните органи | Неоплазми | Болести на нервниот систем | Болести на мускулно-скелетен с-ем | Инфективни и паразитски болести | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | Болести на циркулаторниот с-ем | Одредени состојби во перинателен период | Болести на респираторен с-ем | Болести на генитоуринарен с-ем | Болести на дигестивен с-ем | Повреда,труење |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 114,8 | 14,7 | 14,2 | 12,5 | 10,7 | 10,7 | 7 | 7,1 | 8,7 | 6,3 | 6 | 4,5 | 7,3 |
| 2018 | 51,8 | 14,2 | 12,9 | 11,4 | 9,9 | 8,7 | 6,5 | 6 | 10,1 | 4,7 | 5,7 | 4,5 | 6,7 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

➢според групи на болести најдолго лекувани болни се од душевни растројства и во 2017 и во 2018 година

## 3. Лекувани болни, остварени болнички денови и просечен престој според вид на јавни и приватни болнички установи

Според болнички здравствени организации во Република Северна Македонија **во 2018г. најголем број на лекувани болни** 113 495, со најмногу остварени болнички денови од 591 507, и со просечен престој од 5,2 дена, престојувале **во општите болници**.

Потоа следат клиниките и институтите при Клиничкиот центар со 70 372 лекувани болни, со 414 982 остварени болнички денови и просечен престој од 5,9 дена.

На третото место во 2018г. е ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"-Скопје со 15 275 лекувани болни, потоа следи Клиничка болница „Систина"-Скопје со 8 989 лекувани болни; следат центрите за рехабилитација со 6 975 лекувани болни; Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Мајка Тереза-Скопје со 6 034 лекувани болни; Општа болница РЕ-МЕДИКА Скопје со 5 069 лекувани болни; Клиниката за хируршки болести " Св. Наум Охридски " со 4 217 лекувани болни; Специјална болница за ортопедија и трауматологија "Свети Еразмо"; Институтот за белодробни болести и ТБЦ на деца - Козле; Специјална болница за кардиохирургија "Филип Втори"; Невропсихијатриски болници; Специјални болници за градни болести и ТБЦ и т.н.

**Најголем број остварени болнички денови во 2018г. се забележуваат во општите болници,** потоа се **клиниките и институтите при Клиничкиот центар**; следат невропсихијатриските болници; Геронтолошкиот завод - 13 Ноември - Скопје; центрите за рехабилитација; ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"- Скопје; Клиничка болница „Систина"-Скопје; Специјална болница за ортопедија и трауматологија "Свети Еразмо"; Институтот за белодробни болести и ТБЦ на деца - Козле; Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Мајка Тереза-Скопје; Клиниката за хируршки болести " Св. Наум Охридски "; Специјална болница за кардиохирургија "Филип Втори"; и т.н.
175.4 дена изнесува **највисокиот просечен престој остварен во невропсихијатриските болници во 2018г.;** потоа следи Геронтолошкиот завод - 13 Ноември -Скопје со 119.4 дена; центрите за рехабилитација со 15,3 дена; болница за лекување со природен фактор со 10,7 дена; Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо" со 9,9 дена; Специјални болници за градни болести и ТБЦ со 9,1 и.т.н.
Табела 8

Според болнички здравствени организации во Република Македонија **во 2017г. најголем број на лекувани болни** 114 459, со најмногу остварени болнички денови од 572 435, и со просечен престој од 5 дена, престојувале **во општите болници**.

Потоа следат клиниките и институтите при Клиничкиот центар со 70 756 лекувани болни, со 427 705 остварени болнички денови и просечен престој од 6 дена.

На третото место во 2017г. е ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"-Скопје со 14 015 лекувани болни, потоа следи Клиничка болница „Систина"-Скопје со 8 784 лекувани болни; следат центрите за рехабилитација со 6 662 лекувани болни; Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Мајка Тереза-Скопје со 5 916 лекувани болни;Клиниката за хируршки болести " Св. Наум Охридски " со 4 687 лекувани болни; Општа болница РЕ-МЕДИКА Скопје со 4 484 лекувани болни; Специјална болница за ортопедија и трауматологија "Свети Еразмо"; Институтот за белодробни болести и ТБЦ на деца - Козле; Специјална болница за кардиохирургија "Филип Втори"; Невропсихијатриски болници; Специјални болници за градни болести и ТБЦ и т.н.

**Најголем број остварени болнички денови во 2017г. се забележуваат во општите болници,** потоа се **клиниките и институтите при Клиничкиот центар**; следат невропсихијатриските болници; Геронтолошкиот завод - 13 Ноември - Скопје; центрите за рехабилитација; ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"- Скопје; Клиничка болница „Систина"-Скопје; Специјална болница за ортопедија и травматологија "Свети Еразмо"; Институтот за белодробни болести и ТБЦ на деца - Козле; Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Мајка Тереза-Скопје; Клиниката за хируршки болести " Св. Наум Охридски "; Специјална болница за кардиохирургија "Филип Втори"; и т.н.

222.3 дена изнесува **највисокиот просечен престој остварен во невропсихијатриските болници во 2017г.;** потоа следи Геронтолошкиот завод - 13 Ноември -Скопје со 129.7 дена; болница за лекување со природен фактор со 25 дена; центрите за рехабилитација со 17,2 дена; Специјални болници за градни болести и ТБЦ со 9,7 Специјална болница за ортопедија и травматологија „Свети Еразмо" со 9,6 дена; и.т.н.

Табела 9

## 4. Лекувани болни и болнички морбидитет на 10000 жители во центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат

Во вкупниот број на лекувани болни во болничко-стационарните установи според **центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат** во **2018г.,** најголем број на болни се од болничко-стационарните установи од Скопје и неговото подрачје 123 050 со Мб/10000 = 1997,7, што претставува скоро половина од вкупниот број на лекувани болни во Република Северна Македонија. Потоа следат од болничко-стационарните установи од Битола и нејзиното подрачје со 38 362 лекувани болни и морбидитет од 2203,2%оо; Охрид со 36 243 лекувани болни и морбидитет од 2388.3%оо; Тетово со 17 348 лекувани болни и морбидитет од 543,8%оо; Велес со 14 899 лекувани болни и морбидитет од 793.4; Штип со 10 028 лекувани болни и Мб/10000 = 996.9; Куманово со 9 607 лекувани болни и Мб/10000 = 545.8; Прилеп со 9 085 лекувани болни и морбидитет од 782.4%оо; Струмица со 7 095 лекувани болни и морбидитет од 666.1%оо и со најмал број на лекувани болни во 2018г. се регистрирани во Кочани 3 752 со морбидитет од 342.1 лекувани болни на 10 000 жители.

Табела 11

Во вкупниот број на лекувани болни во болничко-стационарните установи според **центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат** во **2017г.,** најголем број на болни се од болничко-стационарните установи од Скопје и неговото подрачје 122 209 со Мб/10000 = 1952, што претставува скоро половина од вкупниот број на лекувани болни во Република Македонија. Потоа следат од болничко-стационарните установи од Охрид и нејзиното подрачје со 34 300 лекувани болни и морбидитет од 2260,6%оо; Битола со 31 277 лекувани болни и морбидитет од 1806.9%оо; Тетово со 19 303 лекувани болни и морбидитет од 601%оо; Велес со 15 928 лекувани болни и морбидитет од 853.8; Штип со 11 636 лекувани болни и Мб/10000 = 1158.7; Куманово со 9 469 лекувани болни и Мб/10000 = 537.4; Прилеп со 8 502 лекувани болни и морбидитет од 738.5%оо; Струмица со 6 820 лекувани болни и морбидитет од 639.5%оо и со најмал број на лекувани болни во 2017г. се регистрирани во Кочани 2 655 со морбидитет од 245.4 лекувани болни на 10 000 жители.

Табела 10

# СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ

# ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 и 2018 ГОДИНА

## *I. група : ИНФЕКТИВНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ (шифра А00 - В99)*

**Инфективните и паразитските болести** се често застапени во патологијата на населението во Република Северна Македонија и се на тринаесеттото место и во двете години (2017 и 2018 година) во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност во 2018 година.
Бројот на **лекувани болни** во болничко - стационарната дејност од инфективни и паразитски болести во 2018г. се намалил за 12,8% во однос на 2017, т.е. од 5201 во 2017 на 4535 лекувани болни во 2018г.
Намален е бројот на остварени **болнички денови** за 28,9% во 2018 во однос на 2017г.
**Просечното траење на лекување** по еден случај во денови е намалено од 10.7 во 2017 на 8.7 денови во 2018 година
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 11 и 12
**Болничкиот морбидитет** во 2018г. е намален на 21.9%оо од 25,1%оо во 2017г.

**Дијаграм 11**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 12**




Извор: ИЈЗ на РСМ

## *II. група : НЕОПЛАЗМИ (шифра C00-D48)*

Социјално-медицинското значење на неоплазмите се истакнува во потполна мерка денес со оглед на порастот на инциденцата и преваленцата, особено на малигните неоплазми, кои се јавуваат како втора причина за смрт на населението во Република Северна Македонија, после болести на циркулаторниот систем.
**Неоплазмите** го заземаат третото место во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност и во двете години.

Бројот на **лекувани болни** во 2018г. е поголем за 4,8% во споредба со 2017г, т.е. од 29030 во 2017 на 30432 лекувани болни во 2018г
Намален е бројот на остварени **болнички денови** за 4,9% во 2018 во однос на 2017г.
**Просечното траење на лекување** по еден случај во денови е исто така намалено од 14.2 во 2017 на 12.9 дена во 2018 година
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 13 и 14
**Болничкиот морбидитет** во 2018г. е зголемен на 146.7%оо од 139,9%оо во 2017г.

**Дијаграм 13**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 14**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 141,7 | 154,1 | 162,1 | 164,4 | 161,7 | 147,2 | 139,0 | 138,8 | 136,4 | 139,9 | 146,7 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

## *III. група : БОЛЕСТИ НА КРВТА И КРВОТВОРНИТЕ ОРГАНИ И ОДРЕДЕНИ БОЛЕСТИ ШТО ГО ЗАФАЌААТ ИМУНИОТ СИСТЕМ (шифра D50 - D89)*

Од болести на крвта и крвотворните органи и одредени болести што го зафаќаат имуниот систем регистрирани се поголем број на **лекувани болни** во 2018 во однос на 2017г., и тоа за 4,1%.
Зголемен е бројот на остварени **болнички денови** за 0,8% во 2018 во однос на 2017г.
**Просечното траење на лекување** по еден случај во денови е намалено од 14.7 во 2017 на 14.2 дена во 2018 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 15 и 16
**Болничкиот морбидитет** е зголемен од 20,9%оо во 2017 на 21,8%оо во 2018г.

**Дијаграм 15**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 16**




Извор: ИЈЗ на РСМ

## *IV. група : ЕНДОКРИНИ, НУТРИТИВНИ И МЕТАБОЛИЧНИ БОЛЕСТИ (шифра Е00 - Е90)*

Од ендокрини, нутритивни и метаболични болести регистрирани се помал број на **лекувани болни** во 2018 во однос на 2017г., за 4,6%.

Намален е бројот на остварени **болнички денови** за 11.8% во 2018 во однос на 2017г.

**Просечното траење на лекување** по еден случај во денови е намалено од 7 во 2017 на 6,5 денови во 2018 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 17 и 18

**Болничкиот морбидитет** во 2018г. е намален на 24.9%оо од 26.1%оо во 2017г.

**Дијаграм 17**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 18**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Mb/10000 | 24,1 | 22,5 | 25,9 | 31,2 | 29,8 | 30 | 30,9 | 28,7 | 25,8 | 26,1 | 24,9 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

## *V. група : ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА И РАСТРОЈСТВА ВО ОБНОСКИТЕ (шифра F00 - F99)*

Болестите од групата на душевни растројства и растројства во обноските на кои што влијаат се покомплексните околности на кои наидува човекот во животот, како и динамичноста во темпото и мултикаузалните системски фактори од материјалната сфера на општеството, се јавуваат се почесто без разлика на возраста.
Болестите од оваа група се често застапени во патологијата на населението во Република Северна Македонија и се на деветтото место во 2018г., а биле на дванаесеттото место во 2017г. во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност.
Од анализата на дадените години се забележува зголемување на бројот на **лекувани болни** за 18.3% во 2018 во однос на 2017г; рапидно намалување на бројот на **остварени болнички денови** за 47,5% во 2018 во однос на 2017г. и намалување на бројот на денови на **просечно траење на лекување** на 51 ден во 2018 од 114,8 во 2017 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 19 и 20
**Болничкиот морбидитет** во 2018г. е зголемен на 33,0%оо во однос на морбидитетот од 2017г., кога изнесувал 27,9%оо.

**Дијаграм 19**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 20**




Извор: ИЈЗ на РСМ

## *VI. група : БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ (шифра G00 - G99)*

Бројот на **лекувани болни** од **болести на нервниот систем** во 2018г. се намалил за 4,5% во однос на 2017, т.е. од 4859 во 2017 на 4641 лекувани болни во 2018г.

Бројот на остварени **болнички денови** е намален за 12,9% во 2018 во однос на 2017г. **Просечното траење на лекување** по еден случај во денови е намалено од 12.5 во 2017 на 11.4 дена во 2018 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 21 и 22
**Болничкиот морбидитет** од болести на нервниот систем во 2018г. е намален и изнесува 22.4%оо, во однос на 2017г кога бил 23.4 %оо.

**Дијаграм 21**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 22**




Извор: ИЈЗ на РСМ

## *VII. група : БОЛЕСТИ НА ОКОТО И НА АДНЕКСИТЕ (шифра H00 - H59)*

Од болести на окото и на аднексите во 2018г. се **лекувани** 6755, а во 2017г. 6958 болни. (намалување за 2.9% во 2018 во однос на 2017г.)
Во 2018г. бројот на **остварените болнички денови** се намалува за 17 индексни поени во однос на 2017г., а **просечното траење на лекување** по еден случај се намалува на 1.5 дена во 2018 од 1.7 од 2017 г.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 23 и 24

**Болничкиот морбидитет** во 2018г. е намален на 32.6%оо во однос на морбидитетот од 2017г., кога изнесувал 33.5%оо.

**Дијаграм 23**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 24**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 26,6 | 29 | 26,3 | 23 | 20,9 | 29 | 37,1 | 31,7 | 39,9 | 33,5 | 32,6 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

## *VIII. група : БОЛЕСТИ НА УВОТО И НА МАСТОИДНИОТ ИЗРАСТОК (шифра H60 - H95)*

Болестите на увото и на мастоидниот израсток учествуваат со 1.0% во 2018г, а со 1,1% во 2017 година во вкупниот број на **лекувани болни** во болничко - стационарната дејност во Република Северна Македонија. Бројот на лекувани болни е зголемен за 1.1% во 2018 во однос на 2017г.

Во 2018г. бројот на **остварените болнички денови** се зголемува на 11152 во однос на 10466 во 2017г - за 6,6%.

**Просечното траење на лекување** по еден случај се зголемува на 4,1 дена во 2018 од 3,9 дена во 2017г.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 25 и 26

**Болничкиот морбидитет** во 2018г. е зголемен на 13.2%оо во однос на морбидитетот од 2017г., кога изнесувал 13.1%оо.

**Дијаграм 25**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 26**




Извор: ИЈЗ на РСМ

## *IX. група : БОЛЕСТИ НА ЦИРКУЛАТОРЕН СИСТЕМ (шифра I00 - I99)*

Болестите на циркулаторниот систем повеќе од 20 години претставуваат голем социјално-медицински проблем во Република Северна Македонија, за што говорат и податоците за бројот на лекуваните болни во болничко-стационарната дејност. Посебно негативна тенденција е зафатеноста на помладите возрасни групации, големиот број на остварени болнички денови, појавата на инвалидност, раното пензионирање, како и предвременото умирање.

Болестите од оваа група паѓаат на второто место во 2017 и 2018 година, а биле на првото од 2000 до 2005г во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност во Република Северна Македонија. Во вкупно регистрираните болести тие учествуваат со процентуалната застапеност од 13.5 во 2018, а со 15,1 во 2017 година.

Од болести на циркулаторен систем во 2018г. се лекувале 36438 болни, кои оствариле 219152 болнички денови, со просечното траење на лекување по еден случај од 6 дена.

Во 2018г. бројот на **лекувани болни** се намалил за 4.3% во однос на 2017г. **Остварените болнички денови** се намалени за 18.5%, а **просечното траење на лекување по еден случај** е намалено од 7,1 ден во 2017 на 6 дена во 2018г.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 27 и 28

**Болничкиот морбидитет** во 2017г. е намален на 175.6%оо во однос на морбидитетот од 2017г. кога изнесувал 183.4%оо.

**Дијаграм 27**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 28**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мб/10000 | 158,5 | 155,3 | 172,2 | 185,2 | 160,7 | 158,3 | 157,5 | 159,2 | 162,8 | 183,4 | 175,6 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

## *X. група : БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ (шифра J00 - J99)*

Загадувањето на животната средина, посебно загадувањето на воздухот допринесува респираторните болести да се на првото место во морбидитетот на популацијата од 2006, а на второ до 2005г. со 16.1% учество во 2017 и 19.3% учество во 2018 година во вкупно лекуваните.

Во 2018г. од овие болести се **лекувани** 52141 болни кои се за 28.6% повеќе во однос на лекуваните во 2017г., кои оствариле помал број **болнички денови** за 4.2% и поголем **болнички морбидитет** од 251.3%оо во 2018г од 195.4%оо во 2017 година.

**Просечното траење на лекување** по еден случај во денови се намалува од 6.3 дена во 2017 на 4.7 дена во 2018 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 29 и 30

**Дијаграм 29**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 30**




Извор: ИЈЗ на РСМ

## *XI. група : БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ (шифра К00 - К93)*

Болестите од оваа група се често застапени во патологијата на населението во Република Северна Македонија и се на третото место до 2007 година, на четвртото место во 2010, 2011 и 2012 година, а на петтото во 2017 и 2018 година во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко - стационарната дејност.
Во вкупно регистрираните болести во 2018г. тие учествуваат со 9.2%.

Во 2018г. од овие болести се **лекувани** 24696 болни за 0.5% повеќе во однос на 2017г., кои оствариле поголем број **болнички денови** во 2018 во однос на 2017 за 2.1% и повисок **болнички морбидитет** од 119%оо (118.4%оо во 2017г)

**Просечното траење на лекување** по еден случај во денови е исто и во двете години и изнесува 4.5 дена.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 31 и 32

**Дијаграм 31**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 32**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мб/10000 | 111,2 | 115,7 | 121,4 | 111,7 | 107,9 | 113,8 | 109,8 | 114,4 | 107,4 | 118,4 | 119,0 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

## *XII. група : БОЛЕСТИ НА КОЖАТА И ПОТКОЖНОТО ТКИВО (шифра L00 - L99)*

Од болестите на кожата и поткожното ткиво во болничко-стационарната дејност во Р. Северна Македонија во 2018г. се регистрирани помал број (3957) на случаи и помал број (20740) на **остварени болнички денови,** и понисок **морбидитет** од 19.1%оо во однос на 2017г.

Во вкупниот број на лекувани болни во болничко стационарната дејност во Републиката, **лекуваните болни** од овие болести се застапени со 1,5% во 2018, а со 1.8% во 2017 година во вкупниот морбидитет.

**Просечното траење на лекување** по еден случај во денови во 2018г е исто така намалено на 5.2 од 5.5 дена, колку што биле во 2017г.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 33 и 34

**Дијаграм 33**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 34**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мб/10000 | 16,5 | 16 | 19,8 | 19,6 | 18,8 | 21,6 | 22,6 | 21,7 | 24,1 | 21,7 | 19,1 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

## *XIII. група : БОЛЕСТИ НА МУСКУЛНОСКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И НА СВРЗНОТО ТКИВО (шифра М00 - М99)*

Појавата на болестите на мускулноскелетниот систем и на сврзното ткиво се поврзани со продолжувањето на просечниот век на живеење и зголемувањето во постарите возрасни групи на населението.

Во 2017г. од болести на мускулноскелетниот систем и на сврзното ткиво во болничко-стационарната дејност во Република Северна Македонија се лекувани 10799 болни кои оствариле 115965 болнички денови, со просечно траење на лекување по еден случај од 10.7 дена.

Во 2018г. бројот на **лекуваните болни** е помал и изнесува 10444, со помал број на **остварени болнички денови** од 103748 и помало **просечно траење на лекување** од 9,9 дена, во споредба со 10.7 дена во 2017 година.
Следејќи ја стапката на **морбидитет** во анализираниот период, се забележува опаѓање на 50.3%оо во 2018 од 52.1%оо во 2017 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 35 и 36

**Дијаграм 35**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 36**




Извор: ИЈЗ на РСМ

## *XIV група : БОЛЕСТИ НА ГЕНИТОУРИНАРНИОТ СИСТЕМ (шифра N00 - N99)*

Бројот на **лекувани болни** во 2018г. е 25805 со **остварени** 146899 **болнички денови** (за 4.8% помалку во однос на 2017г.), а во 2017г. се лекувани 25783 болни (за 0.1% повеќе во 2018), кои оствариле 130757 болнички денови

**Просечното траење на лекување** по еден случај во денови во 2018г. е пократко и изнесува 5.7 дена, во однос на 2017 г. (6 дена).

**Стапката на морбидитет** перманентно се зголемува од 63.9%oo во 2001г, на 91.6%oo во 2008 година. Во 2009 се забележува пад на стапката на 85.5%oo, за во 2011 и 2012 повторно да има пораст на 95.2%oo и 121.1%oo во 2014 година. Во 2015 година се забележува повторно опаѓање на морбидитетот на 118.3%oo, а во 2017г. повторен пораст на 124.3%oo и 124,4%oo во 2018 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 37 и 38

**Дијаграм 37**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 38**




Извор: ИЈЗ на РСМ

## *XV. група : БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ (шифра О00 - О99)*

Бројот на **лекувани болни** од групата на бременост, породување и пуерпериум во 2017г. изнесува 14452, а во 2018 - 11774 и е помал за 18.5 индексни поени во однос на 2017г.

Бројот на **остварени болнички денови** во 2017г. изнесува 51300, а просечното траење на лекување по еден случај 3.5 дена.

Во 2018г. бројот на остварените болнички денови се намалува за 27.3% и изнесува 37316, а **просечното траење на лекување** по еден случај исто се намалува на 3.2 дена.

**Стапката на морбидитетот** во 2017г. е 282.9%оо, а во 2018г. се намалува на 230.5%оо.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 39 и 40

**Дијаграм 39**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 40**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 293,1 | 293,8 | 288,2 | 255,2 | 297,4 | 300,2 | 302,6 | 315,7 | 283,3 | 282,9 | 230,5 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

## *XVI. група: ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ ШТО НАСТАНУВААТ ВО ПЕРИНАТАЛНИОТ ПЕРИОД (шифра P00 - P96)*

Според податоците од болничките установи во Републиката во кои се остварува здравствената заштита на мајките и новороденчињата, во 2017г. **лекувани** се вкупно 773 случаи од одредени состојби настанати во перинаталниот период, а во 2018г. се лекувани 688 (за 11% помалку) случаи.

Во 2017г. овие болни оствариле 6749 **болнички денови** со просечно траење на лекување од 8.7 дена, а во 2018г. - 6948 болнички денови (за 2.9% повеќе), и поголемо **просечно траење на лекување** од 10.1 ден.

**Стапката на морбидитет** во 2001г. е 461.2%оо, во 2007г. е највисока 658.7%оо, а во 2013г.се намалува на 366.1%оо во однос на споменатите години. Во 2014 стапката на морбидитет се зголемува, во 2015 се намалува и изнесува 340.3%оо а во 2016 повторно се зголемува и изнесува 403.4%оо. Во 2017 пак се намалува и изнесува 348,8%оо., а исто се намалува и во 2018 и изнесува 310,4%оо.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 41 и 42

**Дијаграм 41**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 42**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 433,8 | 529,0 | 506,4 | 426,2 | 438,6 | 366,1 | 513,4 | 340,3 | 403,4 | 348,8 | 310,4 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

## *XVII. група: КОНГЕНИТАЛНИ МАЛФОРМАЦИИ, ДЕФОРМАЦИИ И ХРОМОЗОМСКИ НЕНОРМАЛНОСТИ (шифра Q00 - Q99)*

Конгениталните малформации, деформации и хромозомски ненормалности се група на болести и состојби, посебно значајни за анализа и проучување, од причина што нивното настанување е во директна врска со појавата на низа ендогени, односно тератогени фактори, но и егзогени фактори на надворешната средина (радиоактивно зрачење, хемиски агенси, вируси и друго).
Во 2017г. **лекувани** се вкупно 1900 случаи, а во 2018г 1815.
Во 2017г. овие болни оствариле 12472 **болнички денови** со **просечно траење на лекување** од 6.6 дена, а во 2018г. – 5959 болнички денови (за 52.2% помалку), и доста пократкo просечно траење на лекување од 3.3 дена.
**Стапката на морбидитет** во 2018 година се намалува на 8.7%оо од 9.2%оо.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 43 и 44

**Дијаграм 43**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 44**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мб/10000 | 9,8 | 10,1 | 10 | 9,6 | 10,6 | 10,6 | 11,1 | 10,7 | 10,6 | 9,2 | 8,7 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

## *XVIII.група: СИМПТОМИ, ЗНАЦИ И НЕНОРМАЛНИ КЛИНИЧКИ И ЛАБОРАТОРИСКИ НАОДИ, НЕКЛАСИФИЦИРАНИ НА ДРУГО МЕСТО (шифра R00 - R99)*

Во болничко-стационарната дејност во Р. Македонија групата на симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди, некласифицирани на друго место во структурата на лекувани болни имаат помала застапеност од 3.5% во споредба со 3.8% застапеноста во 2017г..

**Стапката на морбидитет** на 10 000 жители во 2017г. изнесува 45.9, а во 2018 година се намалува на 44.9.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 45 и 46

**Дијаграм 45**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 46**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 25,2 | 22,1 | 26,4 | 26,1 | 27,8 | 29,5 | 36,6 | 34,8 | 40,2 | 45,9 | 44,9 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

## *XIX. група : ПОВРЕДА, ТРУЕЊЕ И ДРУГИ ОДРЕДЕНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД НАДВОРЕШНИ ПРИЧИНИ (шифра S00 - T98)*

Современиот начин на живот, индустријализацијата и урбанизацијата, како и динамичното темпо на живеење се меѓу најчестите фактори за се поголемата застапеност на повредите во вкупната патологија на населението во Република Македонија.
Социјално - медицинското значење на оваа групација е големо заради потребата од ургентно згрижување во стационарните установи (пр. повредите во сообраќајни несреќи), високиот процент на појава на инвалидност и смртност, како и високите трошоци за лекување и рехабилитација.
Нивното учество во вкупниот број на **лекувани болни** во болничко-стационарната дејност се намалува и изнесува 4.8% во 2018 од 5,2 % во 2017 година во вкупниот број на лекувани болни. Во 2017г се на осмото, а во 2018г на шестото место во структурата на вкупно лекуваните болни во оваа дејност.
Во 2017г. лекувани се вкупно 13049 случаи, а во 2018г. се лекувани 12986 (помалку за 0,5%). Во 2017г. овие болни оствариле 95323 **болнички денови со просечно траење на лекување** од 7.3 дена, а во 2018г. - 86725 (помалку за 9%) болнички денови и пократко просечно траење на лекување од 6.7 дена.
**Стапката на морбидитет** на 10 000 жители во 2017г. изнесувала 62.9, а во 2018 година се намалува на 62.6.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 47 и 48

**Дијаграм 47**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 48**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M6/10000 | 57,1 | 55,4 | 66,5 | 62,9 | 64,6 | 63,6 | 64,1 | 62,1 | 62,8 | 62,9 | 62,6 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

## *XXI. група : ФАКТОРИ ШТО ВЛИЈААТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА И КОНТАКТ СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ СЛУЖБИ (шифра Z00 - Z99)*

Во 2017г. во болничко-стационарната дејност од групата фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби се лекувани 13856 болни, а во 2018 - 13772 за 0.6% помалку.

Во 2017г. овие **болни** оствариле вкупно 76913 **болнички денови**, а во 2018 за 0.9% помалку; со **просечно траење на лекување** по еден случај од 5.6 дена во 2017, на 5.5 дена во 2018г.

**Стапката на морбидитет** на 10000 жители од 66.8 во 2017 се намалила на 66.4 во 2018 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 49 и 50

**Дијаграм 49**




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 50**




Извор: ИЈЗ на РСМ

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од извршената анализа на болничко - статистичкиот материјал за 2017 и 2018 година во врска со функционирањето на болничко-стационарната дејност во Република Северна Македонија, а со цел за согледување на болничкиот морбидитет произлегуваат следните заклучоци, констатирани во 2018 во однос на 2017:

- **Бројот на лекуваните болни и болничкиот морбидитет се зголемени;**

- **Бројот на остварените болнички денови е намален;**

- **Бројот на деновите на просечното траење на лекување по еден случај е намален;**

- **Во структурата на лекувани болни според групи на болести, и во двете анализирани години на прво место се болестите на респираторниот систем;**
  **Во морбидитетот на лекувани мажи** доминираат болести на респираторен систем (2687.1%оо);болести на циркулаторниот систем (202.0%оо); неоплазми (131.7%оо); болести на дигестивен систем (126.6%оо); и т.н.
